...



# Статистичко истражување за сточарството (за сопствен добиток)

## ЗШР_ЗЕ.51.2А_А_МК_2021_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| 1 | **Контакт** |
|---|---|
| 1.1 | **Организација/ институција за контакт** |

Државен завод за статистика

| 1.2 | **Организациска единица за контакт** |
|---|---|

Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на земјоделски стопанства

| 1.3 | **Лице за контакт** |
|---|---|

Катарина Ѓурѓулова -Аговска

| 1.4 | **Звање на лицето за контакт** |
|---|---|

Раководител на Одделение

| 1.5 | **Поштенска адреса** |
|---|---|

ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

| 1.6 | **Електронска адреса** |
|---|---|

katarina.agovska@stat.gov.mk

| 1.7 | **Телефонски број** |
|---|---|

003892 3295-745

| | |
|---|---|
| **1.8** | **Факс** |

0038923111336

| | |
|---|---|
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |

21/09/2022

| | |
|---|---|
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |

21/09/2022

| | |
|---|---|
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |

21/09/2022

| | |
|---|---|
| **3** | **Статистичка презентација** |
| **3.1** | **Опис на податоците** |

Податоци за бројот на добитокот, живината и пчелните семејства, како и податоци за производството на добиточните производи: млеко, месо, волна, јајца и мед.

| | |
|---|---|
| **3.2** | **Систем на класификации** |

- Номенклатура на земјоделски производи, производи на шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив, НЗШРУ.

- Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, 2013.

| | |
|---|---|
| **3.3** | **Опфат на сектор/и** |

Сектор А-Земјоделство, шумарство и рибарство Група 01.4-Одгледување на животни

## 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Податоците за добитокот по видови и по категории и добиточното производство се однесуваат на сопствениот добиток, со состојба на 10 ноември, независно дали на тој датум добитокот е сместен на стопанството или се наоѓа на друго место.

**Јуници** се говеда од женски пол, стари над 2 години кои не се телеле. Стелни јуници се говеда од женски пол, стари над 2 години, од кои се очекува првиот подмладок (пород). Молзни крави се крави кои се чуваат за производство на млеко. Тука се вклучени и кравите кои во моментот не се молзат заради напојување на телињата или др.

Други крави се женските грла говеда кои се чуваат главно за одгледување на телиња и кои не се молзат. Тука се вклучени и кравите кои по телењето се користат за работа, како и други крави наменети за колење.

Податоци за **свињите** според тежината, полот и намената за одгледување. Податоци за прасиња до 20 кг, свињи од 21 до 50 кг, свињи за тов (51-80 кг, 81-110 кг и над 110 кг) и свињи за приплод (назимки, спрасни назимки, маторици и нерези). Назимки се одбрани млади женски грла за расплод кои сé уште не се опрасиле. Спрасни назимки се млади расплодни женски грла од кои се очекува првиот подмладок. Маторици се женски расплодни грла кои се праселе барем еднаш. Нерези се машки расплодни грла.

Податоци за **овците** според староста, полот и намената (јагниња и шилежиња, овци-женски грла за приплод и овни и други пораснати овци). Јагниња и шилежиња се млади овци од двата пола, до 1 година старост. Овци и женски грла за приплод се женските грла над една

година старост кои веќе се објагниле и оние од кои се очекува прв подмладок. Овни и други јалови овци се сите останати машки грла и јалови овци.

Податоци за **козите** според староста (јариња, кози-молзни женски грла за приплод, како и јарци и други пораснати кози). Јариња се млади кози од двата пола, до една година старост. Кози се женски грла за приплод, над една година старост, кои веќе се окозиле и оние од кои се очекува прв подмладок. Јарци и други кози се сите машки грла и сите останати грла (јалови кози и др.).

**Гоени пилиња** (бројлери) се пилиња наменети за тов, стари околу 2 месеца. Несилки се сите кокошки кои почнале да несат, без оглед на тоа дали јајцата се за конзумна употреба или за насад.

**Пчелни семејства** се сите пчелни семејства, без оглед дали се во кошница, сандак и слично.

## 3.5 Статистичка единица

Претпријатија

## 3.6 Статистичка популација

Земјоделски претпријатија и земјоделски задруги кои одгледуваат добиток и кои припаѓаат на секторот А-Земјоделство, шумарство и рибарство, група 01.4-Одгледување на животни, според НКД Рев.2.

## 3.7 Референтна област

Република Северна Македонија и статистички региони

## 3.8 Временска покриеност

- Од 1949 година податоците се достапни на ниво на држава

- Од 2007 година податоците се достапни на ниво на региони.

| 3.9 | **Базен период** |
|---|---|

Не е применливо

| 4 | **Единица на мерење** |
|---|---|

Број,  грла, килограми и литри.

| 5 | **Референтен период** |
|---|---|

Година

| 6 | **Институционален мандат** |
|---|---|

| 6.1 | **Законски акти и други договори** |
|---|---|

Национални:  Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18  и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18  и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) Програма за статистички истражувања, 2018-2022 („Службен весник на РМ" бр.22/18,224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/20 и 300/20.) (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8)

Меѓународни: Регулатива на Европскиот парламент и на Советот на Европа, број 1165/2008.

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

Податоци се испраќаат (преку eDAMIS) до Евростат.

| 7 | **Доверливост** |
|---|---|

| 7.1 | **Доверливост - политика** |
|---|---|

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) .
2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ).

| 7.2 | **Доверливост - третирање на податоците** |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf),индивидуалните податоци не се објавуваат.

| 8 | **Политика за објавување** |
|---|---|

| 8.1 | **Календар на објавување** |
|---|---|

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, kој се ажурира квартално.

| 8.2 | **Пристап до Календарот на објавување** |
|---|---|

https://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx

| 8.3 | **Кориснички пристап** |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

## 9 Фреквенција на дисеминација

Годишна

## 10 Достапност и јасност

### 10.1 Соопштенија

Во согласност со Стратегијата за дисеминација (https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/strategii/StrategijaDiseminacija2014-2016mak.pdf), Соопштенијата се објавуваат ( да се наведе периодиката: месечно, квартално) и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Соопштенија“:

1. "Број на добиток" .

http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=48&rbr=1962

2. "Добиточно производство" .

http:/www .stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie/.aspx?id=49&rbr=1959"

### 10.2 Публикации

Статистички годишник,
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=34&rbrObl=37

## 10.3 Онлајн база на податоци

МАКСтат-база на податоци - Земјоделство - добиточно производство

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Број на прегледи на податочните табели од МАКСтат=349

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22).

## 10.5 Друго

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби

Податоци  се испраќаат И во Евростат и се објавуваат на веб-страницата на оваа институција.

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошко објаснување, национално,

http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=48&rbrObl=17

## 10.7 Документација за квалитетот

Не е применливо.

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework-- https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx).

## 11.2 Оценка на квалитетот

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

# 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Податоците за добиточното производство се користат од Владата на РсМ, бизнис заедницата, невладини организации, факултети и научно-истражувачки институции, здруженија и асоцијации на земјоделски производители, медиуми, студенти и други физички и правни лица. Податоците за бројот на добитокот и добиточното производство се клучни показатели за движењата во сточарството и се основа за анализи, планирања, инвестиции и соодветни одлуки и мерки за континуирано подобрување и унапредување на состојбите во секторот Сточарство во земјата.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

## 12.3 Комплетност

Во однос на индикаторите кои се предвидени според Регулативата бр. 1165/2008 на Европската Комисија, ДЗС обезбедува околу 90% од нив.

# 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

## 13.2 Примерочни грешки

Не е применливо.

## 13.3 Непримерочни грешки

Грешки во опфат: Се обезбедува 100% опфат. Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска. Грешки во обработката: Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци. Грешки во неодговор: Со оглед на обезбедениот целосен опфат, грешки во неодговор нема.

## 14 Навременост и точност

### 14.1 Навременост

Т+180 денови

### 14.2 Точност

Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување и навремено се проследени/испратени до Евростат.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Податоците се споредливи на ниво на држава.

### 15.2 Временска споредливост

Временска серија на податоци на национално ниво од 1949 година. Број на референтни периоди без прекин на временската серија е 68. Временска серија на податоци на регионално ниво од 2007 година. Број на референтни периоди без прекин на временската серија е 10.

### 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Податоците тековно се анализираат и споредуваат на микро ниво со податоците од „Структурното истражување за земјоделските стопанства"" (СИЗС.1), додека пак споредби на макро ниво се направени со податоците од „Месечниот извештај за откуп на земјоделски производи од индивидуални земјоделски производители"" (ТРГ.31) и „Месечниот извештај за заклан добиток и живина во кланици"" (ЗЕ.52). Податоците се кохерентни."

| 15.4 | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство.

| 16 | **Трошок и оптовареност** |
|---|---|

Не се пресметува.

| 17 | **Ревизија на податоците** |
|---|---|

| 17.1 | **Политика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: https://www.stat.gov.mk/RevizijaNaPodatocite.aspx.

| 17.2 | **Практика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Не е применливо.

| 18 | **Статистичка обработка** |
|---|---|

| 18.1 | **Извори на податоци** |
|---|---|

Ова статистичко истражување е со целосен опфат. Статистичкиот прашалник „Годишен извештај за сточарството"" (ЗЕ.512.а) го пополнуваат деловните субјекти кои припаѓаат на секторот А, група 01.4, од НКД Рев.2.

## 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Годишна

## 18.3 Прибирање на податоците

Податоците за добитокот и добиточното производство се прибираат со статистичкиот прашалник: „Годишен извештај за сточарството“ (ЗЕ.512.А). Претпријатијата ги пополнуваат податоците преку електронскиот систем на прибирање на податоци (Е-стат).

## 18.4 Проверка на податоците

Проверка се врши во текот на целиот процес и пред објавување на податоците. Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. За отстапувањата се контактираат давателите на податоци.

## 18.5 Компилирање податоци

Прибирањето на податоците се врши по електронски пат, а добиените податоци се споредуваат и анализираат и индивидуално и пред нивното објавување, на агрегирано ниво. Најниското ниво на агрегирање е на НТЕС 3 ниво. Дополнителни пресметки се прават за добивање на индикаторите за добиточни единици како пресметковни категории или изведени варијабли.

## 18.6 Прилагодување

Не е применливо.

## 19 Коментар

Нема коментар.

## A.1 Анекси